За прашање контактирајте на info@natura2000.gov.mk

Оваа публикација е изработена со помош на Европската Унија. За нејзината содржина, единствено се одговорни Сектор природа во МЖСПП, СИКЕ, или конзорциумот и истата не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.

Автори на фотографиите: Претставници на Метсахалитус од Финска и Државна служба за заштитени подрачја на Литванија.

# НАТУРА 2000

## За природата

## За луѓето

## Прашања и одговори за Натура 2000 подрачјата





"Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата"

Овој проект е финансиран од Европската Унија




Натура 2000 е мрежа на заштитени подрачја во која се опфатени најзначајните и најзагрозените живеалишта и видови во 28 земји членки на Европска Унија.

Тоа е најголемата координирана мрежа на заштитени подрачја на копно и вода.

Натура 2000 подрачјата се назначуваат согласно Директивата за живеалишта и Директивата за птици.

Пристапот за заштита на природата во рамките на Натура 2000 е широк и во основа се фокусира на човекот, кој работи за природата и живее во хармонија со природата. Притоа, важно е земјите членки да се осигураат дека подрачјата се управуваат на одржлив начин.

Дознајте повеќе за Натура 2000
http://natura2000.eea.europa.eu/#

Дознајте повеќе за проектот:
http://natura2000.gov.mk/

За прашање контактирајте на info@natura2000.gov.mk

## Набљудувачница

Голем број на посетители веројатно се прашувале колку ли е возбудливо да се види некој регион од повисоко. Сега тоа е можно со новите 24 набљудувачници во заштитените подрачја, високи над 15 м. Искачувањето на секоја од нив е уникатно и нуди различна глетка и возбуда, бидејќи секоја од нив се наоѓа во различен тип на екосистем.





Набљудувачница во округот Каманаи, строг природен резерват со пејзажна глетка на мочуриштата и островите Каманос, опкружени со шума (Литванија).

## Управување со подрачјата на Натура 2000

Со поддршка на ЕУ фондовите се реализираа повеќе од 20 технички проекти за реконструкција на водниот режим во подрачјата на Натура 2000.



Реставриран е природниот воден режим на местата кои се значајни за заштитата на мочуриштата и мочуришните шумски живеалишта.



Водените ливади и ливадите се искосени и обновени покрај обработеното земјоделско земјиште. Беше искосена и отстранета трската и другата непожелна вегетација.



Откако заврши напасувањето на добитокот, се отстрани неквалитетната вегетација, што е мерка за управување со подрачје на Натура 2000, во регионот за зачувување на живеалиштата.

# ДАЛИ ФИНСКА ИМА ПРИДОБИВКИ ОД НАТУРА 2000?





Во Финска,
заштитените подрачја и местата за планинарење генерираат приходи за локалните бизниси

### Спорт на отворен простор како извор за здравје и благосостојба

Природата е извор на здравје и благосостојба. „Metsähallitus“ заедно со своите партнери ги промовира благопријатните ефекти од активностите на отворено со тоа што им нуди на планинарите соодветни услуги, како патеки, места за камперски оган, патокази, мапи и информации за најубавите дестинации од природата во Финска.

Научно е докажано дека природата го подобрува нашето здравје и добросостојбата на најмалку три начини:

- На отворено, физичката активност се зголемува.
- Природата ревитализира и го намалува стресот.
- Активностите на отворено ја подобруваат социјализацијата и чувството на припадност кон заедницата.

Локалниот бизнис има придобивки од средствата кои Владата на Финска ги доделува за националните паркови и местата за планинарење, бидејќи средствата се враќаат во општеството повеќекратно, преку локалните претпријатија и вработувања. Средствата од државниот буџет се користат за изградба и одржување на планинарската инфраструктура во заштитените подрачја (вклучувајќи ги и Натура 2000 подрачјата). Од друга страна, приватниот сектор развива туристички услуги околу овие подрачја.



# ШТО Е НАТУРА 2000?

## Која е разликата помеѓу заштитено подрачје и Натура 2000 подрачје?

Целта на воспоставувањето на мрежата Натура 2000 е да се заштитат подрачјата кои поседуваат висока природна вредност за заштита на живеалиштата и видовите, наведени во Директивата за живеалишта и Директивата за птици. Овие видови се од големо значење за ЕУ бидејќи се загрозени, ранливи, ретки, или ендемски, или се исклучителни типични примери за еден, или повеќе, од вкупно деветте европски биогеографски региони.

Природните резервати, националните паркови и други типови заштитени подрачја се воспоставуваат согласно Закон. Прогласувањето може да настане поради различни цели, а може да се однесува и на живеалиштата и видовите кои што се и надвор од оние опфтени во мрежата на Натура 2000.

Национално заштитените подрачја, исто така може да бидат прогласени и како Натура 2000 подрачја, бидејќи во нив постојат живеалишта и видови кои, исто така, се и од европско значење.

## Дали сите Натура 2000 подрачја може да бидат заштитени подрачја на национално ниво?

Најчесто, единственото барање на ЕУ е живеалиштата и видовите кои се од значење за Европската Заедница да бидат сочувани на ниво на поволен конзервациски статус, со човекова помош, како на пример, традиционално земјоделство. Затоа, прогласувањето на некое подрачје за подрачје од особено значење за заштита, не подразбира дека тековните активности на тоа место ќе треба да се променат, или да прекинат.

Земјите членки имаат право да одлучат, на кој начин ќе управуваат и како ќе го одржуваат подрачјето. Тоа може, но не мора, да биде уредено со закон (на пример, да се прогласи за природен резерват, споменик на природа, национален парк и сл.), а може да биде уредено и договорно (на пример, со потпишување на договор за управување со сопствениците на земјиштето).

Одржувањето на живеалиштата и видовите во поволен конзервациски статус, не секогаш е некомпатибилно со активностите на човекот. Напротив, понекогаш човечките активности се единствените потребни за одржување полуприродните живеалишта и видови во добра состојба, вклучувајќи го и добро контролираниот лов и риболов.

## ДАЛИ НАТУРА 2000 ЌЕ ВЛИЈАЕ ВРЗ МОИТЕ АКТИВНОСТИ НА МОЈОТ ИМОТ?

Ако веќе спроведувате активности на некое подрачје, кое подоцна се прогласува за Натура 2000, не плашете се дека нешто ќе се промени. Прогласувањето на Натура 2000 не значи дека на подрачјето треба да запрат сите активности. Во некои случаи може да бидат потребни одредени измени, или прилагодувања на активностите, за да се зачуваат живеалиштата и видовите поради чија заштита било прогласено подрачјето, или за да се помогне истите да се вратат во добар статус на зачуваност. Сепак, во други случаи постоечките активности би продолжиле како и вообичаено.

Всушност, во многу подрачја, живеалиштата и видовите кои таму се застапени се целосно зависни од континуитетот на таквите активности за нивниот долгорочен опстанок, па во такви случаи, важно е да се изнајдат начини да се поддржат, а доколку е потребно и да се зајакнат таквите активности, како што се на пример редовното напасување, или кастрење на грмушките.



Пасење на овци со приватен сопственик за да се одржуваат отворените падини на Националниот парк Аукштатија, како Натура 2000 подрачје (Литванија)

## ДАЛИ ШУМИТЕ ВО НАТУРА 2000 СЕ УПРАВУВААТ САМО СО ЦЕЛ КОНЗЕРВАЦИЈА?

Не, шумите во Натура 2000 може да се управуваат поради различни цели и функции, односно, освен за целите за заштита на природата, тие може да се управуваат и поради производство на дрво, лов, рекреација и друго. Сепак, управувањето со шумите во подрачјата со Натура 2000 мора секогаш да биде во согласност со специфичните цели на заштита на природата и активно да придонесува кон нивното остварување. Онаму каде што подрачјето на Натура 2000 се преклопува со некој природен резерват, или национален парк, шумите најчесто се управуваат за целите на заштита, согласно важечкото национално законодавство.

**Ефективното управување со подрачјата на Натура 2000 подразбира блиска соработка меѓу релевантните институции за заштита на природата и за шумарство, приватните и државните сопственици на шума, други засегнати страни и невладини организации.** Притоа, многу е важно истите да постигнат меѓусебен договор, којшто ќе биде соодветен и ќе оди во насока на исполнувањето на законските права и интереси на засегнатите страни.



Богатствата на шумите
Бобинките растат природно во дивите шуми на Финска, една од најчистите средини на светот

## ДАЛИ ЗА УПРАВУВАЊЕТО НА НАТУРА 2000 СЕ ДАВА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА?

Мрежата на Натура 2000 е камен темелник на политиките за унапредување на биолошката разновидност на Европската Унија. Сепак, како и другите заштитени подрачја, мрежата на Натура 2000 има потреба од финансирање, за да ги оствари своите цели.

Барањата за управување на Натура 2000 се интегрирани во многубројните извори на финансирање на ЕУ, како што се структурните фондови (ERDF), Фондот за рурален развој (EAFRD), Европскиот фонд за рибарство (EMFF), Програми на унијата (LIFE), итн.

Секако, се очекува и од земјите членки да придонесат во финансирањето на мерките.

Програмата Лајф -LIFE е едintвената, европска програма, исклучиво наменета за финансирање на проекти од областа на животната средина и зачувување на природата во земјите на ЕУ (но и во земјите кандидати за ЕУ, земји во процес на пристапување кон ЕУ и во земјите соседи). Спроведуваните проекти под покровителство на оваа програма ги обезбедуваат очекуваните резултати од вложените средства, осигуруваат и обезбедуваат работни места, помагаат во воспоставување на иновативни проекти низ ЕУ и вродуваат со задоволителни, конкретни резултати.




Интегриран LIFE проект во Литванија
"Оптимизирање на управувањето со мрежата на Натура 2000 во Литванија"

### МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА НАТУРА 2000

Од 1992 година преку програмата LIFE се финансирале околу 4171 проект, преку кои се искористени околу 3,4 милијарди евра за заштита на животната средина и климата.

Добри вести за заштита на природните вредности! Финансирањето на подрачјата на Натура 2000 е долгорочно.

Дознајте повеќе во врска со можностите за финансирање на Натура 2000

## ДАЛИ ЌЕ МОЖЕ ДА ПАТУВАМ ВО НАТУРА 2000 ПОДРАЧЈЕ?

Луѓето одат во природа поради различни причини. Многумина за да се релаксираат во мирната и тивка пејсажна глетка, други сакаат да истражуваат нови области, додека некои се љубители на активности во природа, како пливање, пешачење, возење велосипед, риболов, лов итн. Каков и да е мотивот, Натура 2000 ѝм нуди на луѓето единствена можност да го откријат и да уживаат во европското богато природно наследство.

Ваквите рекреативни активности се во согласнот со одредбите од Директивите за живеалишта и птици, доколку истите не влијаат негативно врз присутните живеалишта и видови. Клучот најчесто се крие во планирањето и рационалното користење на ресурсите, на начин што нема да се нарушат вредностите кои што се основа на нивното постоење.



Кајакарски тури со водич во Националниот парк Нуксио, како Натура 2000 подрачје (Финска)

## ДАЛИ БРИСЕЛ ИМ ДИКТИРА НА ЗЕМЈИТЕ ШТО СМЕЕ, А ШТО НЕ СМЕЕ ДА СЕ ПРАВИ ВО СЕКОЕ ПОДРАЧЈЕ?

Спроведувањето на Директивите за живеалишта и птици и воспоставувањето на мрежата на подрачја на Натура 2000 се базира врз принципот на субсидијарност, односно, секоја земја членка сама да одлучува за најповолниот начин на заштита на природните вредности (на живеалиштата и видовите) на локациите кои се од значење за ЕУ.

Плановите за управување се корисна алатка со која што се планираат активностите кои ќе се спроведуваат на подрачјето, со цел истото да се сочува во поволен конзервациски статус во однос на живеалиштата и видовите кои што се од значење за ЕУ. Овие планови се прават согласно потребите на секое поединечно подрачје и даваат можност за консултација со засегнатите страни (органите на управување со заштитените подрачја, локалната само-управа, невладините организации, локалните заедници итн.).



Дискусија за Планот за управување со потенцијалното Натура 2000 подрачје на Преспанското Езеро (Северна Македонија)

## КАКВИ ПРИНЦИПИ СЕ ПРИМЕНУВААТ ВО НАТУРА 2000 ПОДРАЧЈАТА?

Натура 2000 подрачјата се управуваат по принципот на вршење на стопански активности во заштитените подрачја без да се загрозат екосистемите:

- ПРИФАЌАЊЕ - системот на заштитените подрачја во основа не се спротивставува на вршењето на стопански активности, туку промовира правилен развој на соодветни локации, време и услови.
- ВНИМАНИЕ - важно е навреме да се разберат потенцијалните негативни ефекти и да се направат напори за истите да се намалат, или отстранат.
- СЕЛЕКЦИЈА - единствените активности кои што се забранети, или ограничени, се оние кои што може да нанесат штета врз заштитените вредности и објекти.



Косење во подрачје на Натура 2000, според Планот за управување на заштитено подрачје (Литванија)